# PHILIPPE ROSSIGNOL

ФОТОГРАФИИ

# DANSE DU FEU
# ТАНЦ НА ОГНОТ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА – СКОПЈЕ

ОД 20 МАЈ ДО 5 ЈУНИ

CENTRE
CULTUREL
FRANCAIS

C'est en regardant l'homme que l'on peut vraiment comprendre son oeuvre, mais mieux encore lorsque l'on prend le temps de s'attarder devant le «FAIRE D'UN» homme que l'on peut comprendre son oeuvre. D'extérieur agressif, Philippe est un jouisseur de la lumière, un oeil vif, acerbe, personnage à la synthèse oculaire impressionniste avec le faire d'un Mondrian, et surtout la poésie d'un Chagall, jamais pesant, presque sans pied; toujours alerte, s'intégrant dans le noir de la salle pour mieux saisir l'angle et le mouvement mais surtout l'ATMOSPHERE, il fait partie intégrante de son trépied qui devient sa stabilité oculaire, c'est un mouvant statique toujours «apte» à saisir le caché psychique des interprètes en marche dans un univers volcanique personnel. Sa couleur est paradoxalement le NOIR ET BLANC, entre ces deux univers de l'existence et de l'absence se situe tout ce qu'il nous propose aujourd'hui, une suite lyrique qui n'est que le passage d'un monde à l'autre. L'univers de l'absence est celui qui de loin me passionne le plus, non pas par sa négation, mais bien par ce qu'il laisse apparaitre le FEU. En regardant attentivement l'image, l'ETRE HUMAIN accède à sa propre lumière, à ce qu'il est lui-même, son AURA. Lorsque l'on considère que le Rouge est le ton le plus proche du Noir, c'est à dire que l'on sort de la nuit, du soi-disant néant, et que l'on accède à ce qu'il y a de plus chaud au niveau de la perception et que notre oeil accepte cette étincelle logiquement, il faut à ce moment continuer le voyage et aller vers le plus clair, en suivant une gamme chromatique c'est-à-dire le Jaune. L'aboutissement de ce voyage visuel nous conduit du Noir au Jaune en passant par le Rouge; mais c'est alors que se joue une autre pièce de théâtre dont nous sommes les témoins tout d'abord passifs et ensuite dont nous ne sommes au début que les jouets et dont nous allons être les protagonistes, et même, les critiques les plus acerbes, les délateurs et ensuite, les acteurs les plus drastiques qui puissent être. En quelques secondes nous allons encenser ou annihiler un acte purement subjectif.

Philippe est un RE-metteur en scène, un Re-chorégraphe, il RE-met en cause les structures même d'une oeuvre, c'est à la fois l'observateur, le reporter, la conscience du créateur; d'autres fois il est seulement l'interprète, non pas celui qui est sur scène, mais, celui qui a payé sa place et lui il l'a payée de son talent. Le théatre d'aujourd'hui est celui qui veut faire participer. Philippe non seulement participe, mais en plus, il est le témoin des défaillances qu'il interprète artistiquement; son oeil est tellement «vigile» qu'il arrive à excuser artistiquement l'absence momentanée de l'artiste et à recréer en cet instant précis toute la fragilité de la force de ce dernier. – La participation du public à l'oeuvre est une méprise, de tout temps le public a été public et l'acteur, acteur; rien ne viendra bouleverser ce que VOUS avez, avec la plus implacable logique, pressenti d'abord et établi ensuite. Que nous nous placions d'un côté ou de l'autre, public ou spectateur, il nous faut, pauvres mortels, un interprète: le RE-porter, qu'il soit critique ou photographe, peu importe, laissons nous guider, laissons nous rêver devant cet impressionniste Noir et Blanc qui aujourd'hui nous livre sa palette colorée pour la première fois.

Il existe une étrange unité que notre oeil ne peut palper, c'est l'unité du lieu, du temps, et de l'espace. Cette unité, toute philosophique il y a vingt siècles, nous est visuellement proposée aujourd'hui.

Amoureux de la terre et du statique, mais aussi de l'impalpable, sensible aux moindres variations lumineuses, notre esprit voyage et, comme disait Baudelaire.

*Comme un bon nageur qui se pâme dans l'onde.*
*Et sillonne gaiement l'immensité profonde. . .*

tel l'oeil de Philippe.

Гледајќи го човекот, можете да го разберете неговото дело, а уште подобро ќе го разберете ако си дадете повеќе време да го проучите она што тој го создал. Навидум агресивен, Филип ужива во светлината, со живо око, запурничав, личност со импресионистичка окуларна синтеза, со знаење на еден Модријан, а особено со поезија на еден Шагал, секогаш лесен, скоро да не стои на земја; секогаш на штрек, стопувајќи се со темнината на салата за да може подобро да го „фати" аголот и движењето, а особено ДВИЖЕЊЕТО. Тој се претвора во составен дел на триножникот кој станува негова окуларна стабилност, статично подвижен, секогаш способен да го „фати" скриениот лик на интерпретаторите кои се движат во еден личен вулкански свет. Парадоксално, неговата боја е ЦРНА и БЕЛА. Помеѓу овие два света на постоење и отсуство, сместено е сѐ она штој ни предлага денес, лиричен низ кој што само претставува премин од еден во друг свет. Светот на отсутноста е оној што од далеку ме пасионира најмногу, не со својата негација, туку затоа што овозможува да се појави огнот. Гледајќи ја внимателно сликата, ЧОВЕКОТ и прриоѓа на својата сопствена светлина, на самиот себе си, на својата АУРА. Ако се смета дека црвената е најблиска до црната боја, односно произлегува од ноќта, од, така да кажеме небиднина, со приод на она што е најтопло од аспект на перцепција и што нашето око ја прима оваа искра логично, треба во тој момент да се продолжи патот и да се оди кон најсветлото, следејќи ја хроматската гама, односно жолтата боја. Крајот на ова визуелно патување не води од Црното кон Жолтото, поминувајќи низ Црвеното. Но, тогаш се игра некоја друга театарска претстава во која на почетокот сме пасивни сведоци, потоа сме играчки чии протагонисти стануваме ние самите, па дури и најжестоки критичари, поткажувачи, за на крајот да станеме актери, најдрастични што можеме да бидеме. По неколку мига ќе го возвишуваме или обезвреднуваме чисто субјективниот чин.

Филип е во улога на нов режисер, нов кореограф. Тој повторно ги вреднува структурите на едно дело, истовремено е набљудувач, репортер, совест на креаторот, а од друга страна е само интерпретатор, не оној на сцена, туку оној што платил влезница, а тој ја платил со својот талент. Театарот денес е оној кој сака да учествува во него.

Филип не само што учествува туку е и сведок на физичките слабости што ги интерпретира артистички. Неговото око е толку будно што успева да му ја прости на артистот неговата моментна отсатност и во овој прецизен момент повторно да му ја креира сета негова кршлива сила. Учеството на публиката во делото е презир; отсекогаш публиката била публика а актерот актер. Ништо нема да го поремети она што ВИЕ, со најјака логика, сте го претчуствувале а потоа и поставиле. Дали сме од едната или од другата страна, публика или гледачи, нам, бедните смртници, ни треба толкувач; Репортерот, критичар или фотограф, не е важно, да дозволиме да не води, да сонуваме пред овој Црно–Бел импресионист, кој што денес за прв пат ни ја нуди својата палета во боја. Постои едно чудно единство неопипливо за нашето око: целовитоста на местото, на времето и просторот. Ова единство, филозофско пред дваесет века, визуелно ни се нуди денес. Вљубен во земјата и во статичното, но и во неопипливото, чувствителен на најмали светлосни варијации, нашиот дух патува и, како што вели Бодлер:

„Како добар пливач онесвестен на бранот,
радосно крстари длабока шир. . ."

таквото око на Филип.

# PHILIPPE ROSSIGNOL



L'oeil distingue au prime-abord l'énergie, jaune, ce sont des mains, des visages qui brûlent la pellicule. Ces énergies vont s'effacer jusqu'au noir, c'est le mouvement dans sa rapidité, la danse dans sa fragilité éphémère, l'oeil a perçu le temps mythologique, la stabilité qui va s'inscrire en clair, une référence qui permet l'issue. L'oeil cherche une référence, une stabilité dans cette imposante symphonie: nous aimons retrouver des repères, des bornes qui quelques fois nous intéressent plus que le paysage qui défile devant nous. L'angoisse n'est pas ce que nous pouvons à peine percevoir du mouvement, c'est la staticité qui fait demeurer le temps. L'espace s'ouvre et l'oeil s'amuse à trouver ce qu'il cherche; l'esprit commence à créer dans la profondeur et fait que le spectateur devient acteur; s'intègre à l'interprète représenté et fait partie intégrante de l'univers. On croit tantôt caresser une statue, tantôt recevoir les pulsations d'un fil qui vibre. Si nous admettons que notre oeil de spectateur est lui aussi un acteur et que, seul grâce à lui, nous avons une optique d'opinion; nous nous sommes alors redevables d'une critique, celle de la faiblesse.
L'OPTIQUE, celle qui capte la chaleur, opère dans le temps infime de l'imaginaire, il ne s'agit ici que de pulsations, non pas celles du sang, c'est à dire du temps, mais celles de la vibration colorée, c'est à dire celles de l'espace. Le temps s'arrête établi par l'oeil et le réflexe du photographe au moment de l'ouverture et de la fermeture de l'obturateur. Cette donnée inscrite en chiffres savants sur un objet mystérieux qu'est la CAMERA, est toute la science qui, du cerveau au doigt, nous permet de pénétrer comme un intrus dans un univers privé: L'AME. Le photographe est un homme entre Faust et Méphisto, à la fois les deux; c'est celui qui du Noir nous reconstruit un univers où nous devons être inscrits, que nous le voulions ou non.
Au-delà de cette intention, il y a souvent la description, un lent mouvement de vagues; c'est comme pour que la terre existe: il y a la mer. La sinuosité est aussi une succession dans le temps, il n'est pas nécessaire d'avoir une staticité statique pour avoir un repère. Dans la couleur pour que cela existe il y a le froid, c'est à dire le vert. A son contact l'Orange et le Rouge deviennent mouvants et notre oeil se plaît à suivre cette action pourtant figée. Face à la rigueur des tons froids les chauds sont mouvements et même fumée; nous pénétrons ici dans l'univers du plaisir et de la simple joie; le plaisir de se reposer face à une nature morte ou passent des êtres de rêve, paisible comme si une chevelure se déploie par jour de vent de printemps, aucune ambiguïté, plus de problème, nous regardons de l'extérieur:

*Là tout n'est qu'ordre et beauté*
*Luxe, calme et volupté...*

Lorsque Méphisto arrête le temps, lorsqu'il passe le pacte, on ne sait plus si c'est Méphisto-Faust ou Faust-Méphisto. Souvent c'est la nature qui impose le geste, le regard, l'agression: c'est le côté Méphisto. Mais lorsque l'homme contemple la nature et qu'il provoque celle-ci par jalousie du calme, par esprit de vengeance du bien-être qu'il vit, et, qu'à ce moment précis, d'un accord commun, ils se mettent à se détruire l'un-l'autre, avec les mêmes gestes qu'a le chef d'orchestre lorsqu'il lève sa baguette au début de la symphonie; il s'engage alors une bataille entre le froid et le chaud, entre le produit et producteur, force qui va se mettre en mouvement et qu'il sera impossible d'arrêter: L'AIR, le domaine du Bleu, celui dé la fluidité. Le domaine de l'esprit, le domaine qui s'enflamme, le domaine de la mouvance, le Bleu de la profondeur des yeux, celui de l'immensité glaciale de l'air, l'immensité du PNEUMA. Dans les couleurs, il n'y a rien de paisible, c'est le diabolisme de la complexité et de l'interpénétration des matières, de leur poids et de leur densité. La complexité des ELEMENTS nous est logique puisque nous passons à travers l'air, mais en photo tout change; les éléments sont RECREES et la complexité de ceux-ci s'explique par l'instantané, méme quelque fois il se glisse des esprits malins sans l'intervention ni de l'oeil, ni du vu, et, celui qui sans le savoir va devenir

Окото најнапред ја распознава енергијата, жолтата боја. Тоа се рацете, лицата што го горат негативот. Оваа енергија ќе спласне во црнилото. Тоа е движење во својата брзина, танц во својата краткотрајна кревкост. Окото го бележи митолошкото време, стабилноста што се изразува преку светлото, знак што води кон излезот. Окото бара некој знак, стабилност во таа импозантна симфонија. Сакаме да најдеме ориентир, рамки што некогаш не занимаат повеќе од пејзажот што провејува пред нас. Тегобата не е тоа што одвај можеме да забележиме движење, туку статичноста што го одржува времето. Просторот се отвора а окото се забавува за да пронајде она што бара. Духот почнува да креира во длабочината и прави од гледачот актер, стопувајќи се со претставениот интерпрет и се интегрира со универзумот. Понекогаш како да милува статуа а некогаш како да прима пулсации на жица што вибрира. Да претпоставиме дека нашето око на гледач е исто така и актер, иако, само благодарение на него, ние имаме едно видување, тогаш сме должни за една критика, критика на слабост.
Оптиката што ја прима топлината, делува во времето на имагинарното. Овде се работи само за пулсирања, не крвни, односно на времето, туку на обоената вибрација, пулсирање на просторот. Времето запира под дејство на окото и го рефлектира од фотографот до моментот на отворањето и затворање на блендата. Овој податок напишан со бројки на еден мистериозен предмет каков што е КАМЕРАТА, а целата наука која, од мозокот до прстот, ни овозможува да навлеземе како натрапник во еден личен свет: ДУШАТА. Фотографот е човек помеѓу Фауст и Мефисто, некогаш и двајцата, оној што од ЦРНОТО ни реконструира еден свет во кој ние треба да сме дел, дали ние го сакале тоа или не. Надвор од овој стремеж, често постои опис, бавно движење на бранови, како: за да постои земјата – има море. Кривата е исто така едно продолжение во времето; не мора да се има статична стабилност за да се има ориентир. Во бојата, за да постои тоа, постои студеното, односно зелената боја. При контакт Црвеното и Портокаловото стануваат подвижни а нашето око е задоволно следејќи го ова, всушност, неподвижно дејство. Наспроти строгоста на ладните бои, топлите претставуваат движења па дури и пламен. Овде навлегуваме во светот на задоволството и едноставната радост. Задоволство за одмор пред мртвата природа каде минуваат суштества од сништата, спокојни како бујни коси развеани од пролетен ветер. Никаква нејаснотија, проблемот е решен; гледаме од надвор:

Таму е само ред и убавина,
раскош, мир и сласт. . .

Кога Мефисто го запира времето, склучува мир, не се знае дали е тоа Мефисто–Фауст или Фауст–Мефисто. Честопати природата е таа што го налага гестот, погледот, нападот; тоа е мефистофската страна. Но кога човекот ужива во природата и ја провоцира со љубомора на мирот, со чувство на одмазда на битието што живее во него и кога во овој даден момент на заеднички договор тие почнуваат да се уништуваат меѓусебно, со исти гестови како диригентот кога ја крева палката на почетокот на симфонијата. Почнува борба помеѓу ладното и топлото, помеѓу производот и произведувачот, сила што се става во движење и која ќе биде невозможно да се сопре: ВОЗДУХОТ, доменот на синото, на флуидноста. Доменот на духот, домен што пламнува, што се движи, синилото на длабочините на очите, на смрзнувачката бескрајност на воздухот, бескрајноста на ПНЕУМА-та. Во боите ништо нема тивко. Тоа е диаболизмот на комплексноста на навлегувањето на материите, на нивната тежина и густина. Комплексноста на елементите ни е логична бидејќи минуваме низ воздухот, но на фотографијата се се менува; елементите се обновени и нивната комплексност се објаснува преку моментното. Понекогаш дури се вметнува зол дух, без интервенција ниту на окото ниту на погледот и оној кој, без знаење, ќе го открие

le complice de cette malignité c'est le visé. La rapidité ou la lenteur va imprimer une température colorée indépendante de la rqealité visible à l'oeil. Le Méphistophélisme de cette transposition, à force de Faustisme, sera programmé, exécuté et réalisé avec une maitrise peu commune par certains experts de l'ombre: le photographe. L'accusé, le reproduit sera alors enchanté de cette métamorphose dans laquelle il ne se doute même pas qu'il est un objet, car à ses yeux il en est le Héros.
La DANSE, dans toutes ses facettes, propose à l'oeil du photographe, de multiples attraits. Ceux à la fois de la création d'un univers statique par le décor et les lumières, et bien entendu toute une palette d'énergies et de vibrations allant du mouvement qui traverse l'espace, à celui qui marque le temps.

GRAPHISME, ARCHITECTURE MOMENTANEE QUI PEUT SE FIGER OU DISPARAITRE EN FUMEE.

Daniel LOMMEL
Toulouse, Janvier 1992

заговорот, направил полн погодок. Брзината или бавноста ќе создаде колоритна температура, независна од реалноста видлива за окото. Мефистофелизмот на оваа транспозиција, наспроти фаустизмот, ќе биде програмиран, завршен и реализиран со едно совршенство малку својствено, од извесни експерти на сенката: фотографот. Виновникот за ова дело ќе биде воодушевен од метаморфозата, во која не се ни сомнева дека е предмет, бидејќи во своите очи тој е Херојот.
Балетот во сите свои аспекти, му нуди на окото на фотографот многубројни привлечности, од една страна креација на еден свет, статичен по декорот и светлата, и се разбира, цела една палета на енергија и вибрации, поаѓајќи од движењето што го минува просторот, до оној што го означува времето.

ГРАФИЈА, МИГНОВЕНА АРХИТЕКТУРА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ СКАМЕНИ ИЛИ ДА ИСЧЕЗНЕ ВО ДИМ

Даниел ЛОМЕЛ
Тулуз, јануари 1992 година

## LA MAGIE DE LA DANSE DANS LES PHOTOGRAPHIES DE PHILIPPE ROSSIGNOL

Dans ses photographies consacrées à la danse en tant qu'art scénique, Philippe Rossignol introduit une tendance créatrice fondamentale : lier tous les moments de problèmes techniques et documentaires, les transfigurer en compositions visuelles personnelles. Il est évident que Philippe Rossignol possède bien une expérience variée de la pratique photographique dans la fixation du mouvement et dans ses photographies, il emploie des procédés et des effets qui lui sont propres à l'exemple de la peinture futuriste. Cet artiste français s'engage, depuis cet horizon visuel contemporain, dans la découverte de la danse en tant que phénomène stratiforme antropologique et culturologique, dont il voit aussi le secret, substance ésothérique, s'exprimer sur la scène par des actes rituels et symboliques. Rossignol a compris que chaque artiste-danseur possède son propre regard intérieur sur le mouvement; aussi son image virtuelle semble-t-elle l'attendre en dehors de lui ; et que le photographe est là pour lui permettre d'y accéder. Ainsi Philippe Rossignol ne photographie-t-il pas l'expression visuelle du mouvement, comme un reporter sportif : il aide la magie, l'invisible à s'exprimer, cette fonction de la danse catarsique et sacro-symbolique, comme forme institutionnelle des "discours" d'autrefois. Rossignol utilise l'empreinte de couleurs, le fondu de parties ou détails de ses compositions en d'autres, leur simulation ou leur accentuation. Ainsi ses photographies, reliées parfois par un adroit cadrage-arrangement de l'espace où se déroulent les actions de la danse ainsi présentées, sont-elles composées comme des scènes à physionomie symbolique ou néoromantique accentuée.

Boris PETKOVSKI
Professeur à la Faculté de philosophie
de l'Université de Skopje

## МАГИЈАТА НА БАЛЕТОТ ВО ФОТОГРАФИИТЕ НА ФИЛИП РОСИЊОЛ

Во своите фотографии посветени на балетот како сценска уметност, Филип Росињол вградил еден темелен творечки стремеж: сите техничко-проблемски и документарни моменти поврзани со нив, да ги преобликува во самостојни, преобразени визуелни состави. Росињол, очигледно, ги совладал разновидните искуства на фотографската практика во фиксирањето на движењето; а во своите фотографии применува постапки и ефекти што му се сродни и на футуристичкото сликарство: но францускиот уметник од овој современ ликовен хоризонт се спушта во разоткривање на балетот како слоевита антрополошка и културолошка појава, чија тајна, езотерична суштина, тој ја гледа искажана и на сцената со ритуално-симболични дејствија. Притоа, Росињол разбрал дека секој балетски уметник поседува свој вистински внатрешен поглед за движењето: па се чини како неговата виртуелна слика да го чека надвор од него; дека фотографот е тука за да му го овозможи пристапот до нѐа. Така Росињол не го фотографира визуелното искажување на движењето, како некој спортски фотограф: тој му помага на невидливото да се искаже, на таа магија, на катарзичната и сакрално-симболичката функција на балетот, како високо институционализирана форма на некогашни танцови „говори". Поради тоа, Росињол смислено го користи „замачкувањето", претопувањето едни во други на некои делови или детали на своите композиции; нивното притулување или истакнување. Оттука: споени понекогаш со вештото кадрирање-аранжирање на просторот во кој се одвиваат вака претставените балетски дејствија, фотографиите на Росињол се компонирани како сцени со нагласена симболистичка или неоромантичарска физиономија.

Борис Петковски, професор на
Филозофскиот факултет во Скопје

Note biographique

Philippe Rossignol est né le 23 mars 1958 en France, dans les Pyrénées Orientales, c'est-à-dire qu'il est avant tout Catalan, c'est là qu'il faut chercher les éléments pour le comprendre. Curieuse destinée que celle qui l'a mené depuis des études de droit et de sciences sociales à Toulouse vers la nature, la montagne et la mer, ses véritables racines, pour enfin se décider à vivre de la photographie et devenir professionnel à partir de 1984.

Car, c'est bien d'une vocation il s'agit, car Philippe Rossignol est également enseignant de la photographie, du laboratoire. C'est un artisan complet, un preneur de vue, un portraitiste, un paysagiste. Peut être a-t-il avant tout un Oeil, un objectif sensible au monde qui l'entoure, dont il jouit, dans lequel il est amoureusement et voluptueusement inséré.

Fils de la mer, de la montagne et de la lumière de la Méditerranée, il ne faut pas s'étonner s'il vit actuellement au Pirée et s'il se sent bien en République de Macédoine. Ses principaux travaux photographiques l'ont mené du jazz à la danse et au reportage. Ses recherches personnelles sur l'écoulement du temps et sur le mouvement nous permettent de présenter une exposition exceptionnelle,

André Vigne

Биографска белешка

Филип Росињол е роден на 23 март 1958 година во Франција, Западни Пиренеи, што значи, пред сè Каталонец и таму треба да се бараат елементите за да го разбереме. Чудна е судбината која го води, од студиите по право и друштвени науки во Тулуз, кон природата, планината и морето; неговите вистински корени, за на крајот да реши да живее од фотографијата и да стане професионален фотограф од 1984 година.

Се работи за една вокација, бидејќи Филип е наставник по фотографија, лабораторија. Тој е комплетен уметник, портретист, пејзажист. Можеби пред се тој е Око, чувствителен објектив на светот што го опкружува, во кој што ужива, во кој е вљубено и сладострасно вклопен.

Син на морето, на планината и на светлината на Медитеранот, не треба да не чуди што сега живее во Пиреја и што убаво се чувствува во Република Македонија. Неговата фотографска работа го водеше од џезот до балетот и репортажата. Неговите лични истражувања за минливоста на времето и за движењето ни овозможија да ја претставиме неговата извонредна изложба.

Андре ВИЊ